Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE

Број / Numri 08-1109/1
23.04. 2026 година
СКОПЈЕ/SHKUP

Врз основа на член 31 став (2) точка 24), а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18,1 40/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 и 116/25), член 58 од Деловникот на Државната изборна комисија 01-2772/1 од 30.12.2022 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 22.04.2026 година, донесе:

Në bazë të nenit 31 paragrafi (2) pika 24), në lidhje me nenin 19 paragrafi (2) të Kodit Zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", numër 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 dhe 116/25), nenit 58 të Rregullores së Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve 01-2772/1 të datës 30.12.2022, Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve në seancën e mbajtur më datë 22.04.2026, miratoi:

# ПРАВИЛНИК

-за дополнување на Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес, бр. 08-4741/1 од 14.11.2025 година-

# RREGULLORE

-për plotësimin e Rregullores për kriteret për përcaktimin e kompensimit për anëtarët e organeve zgjedhore, administratën zgjedhore dhe personat e angazhuar me urdhëresë të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve për organizimin dhe zbatimin e procesit zgjedhor nr.08-4741/1 të datës 14.11.2025 -

## Член 1

Во Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес бр. 08-4741/1 од 14.11.2025 година, се вршат следните дополнувања:

## Neni 1

Në Rregulloren për kriteret për përcaktimin e kompensimit për anëtarët e organeve zgjedhore, administratën zgjedhore dhe personat e angazhuar me urdhëresë të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve për organizimin dhe zbatimin e procesit zgjedhor nr.08-4741/1 të datës 14.11.2025, bëhen plotësimet në vijim:

- во **член 3** се додаваат нови ставови (2) и (3) кои гласат:

„(2) Надоместокот утврден за Општинската изборна комисија надлежна за општините во состав на Градот Скопје во целост за двата изборни круга се исплаќа од буџетите на општините во состав на Градот Скопје.

(3) Надоместокот утврден за Изборна комисија на Град Скопје во целост се исплаќа од буџетот на Град Скопје."

- во **член 19** се додаваат нови ставови (2), (3) и (4) кои гласат:

„(2) Општините во состав на Градот Скопје во кои градоначалник на општината е избран во прв изборен круг се должни да исплатат 70% од висината на утврдениот надоместок на претседателите, заменици претседатели, членовите и нивните заменици на избирачките одбори, додека 30% од висината на утврдениот надоместок се исплаќа од буџетот на Град Скопје.

(3) Општините во состав на Градот Скопје каде Градоначалник на општината е избран во втор изборен круг се должни утврдениот надоместок за избирачките одбори за таа општина да го исплатат во целост за двата изборни круга од буџетите на општините во состав на Градот Скопје.

(4) За општините во состав на Градот Скопје во кои градоначалникот на општината е избран во прв изборен круг, а во меѓувреме е извршена исплата на вкупниот утврден надоместок на избирачките одбори од страна на општината, Град Скопје е обврзан да ги надомести средствата согласно овој Правилник и законските прописи."

- në **nenin 3** shtohen paragrafë të rinj (2) dhe (3) që thonë:

„(2) Kompensimi i përcaktuar për Komisionin Komunal të Zgjedhjeve, kompetent për komunat në përbërje të Qytetit të Shkupit, në tërësi për të dy rrethet zgjedhore, paguhet nga buxhetet e komunave në përbërje të Qytetit të Shkupit.

(3) Kompensimi i përcaktuar për Komisionin Zgjedhor të Qytetit të Shkupit paguhet në tërësi nga buxheti i Qytetit të Shkupit."

- në **nenin 19** shtohen paragrafë të rinj (2), (3) dhe (4), të cilët formulohet si vijon:

„(2) Komunat në përbërje të Qytetit të Shkupit në të cilat kryetari i komunës është zgjedhur në rrethin e parë zgjedhor janë të obliguara të paguajnë 70% të shumës së kompensimit të përcaktuar për kryetarët, zëvendëskryetarët, anëtarët dhe zëvendësit e tyre të këshillave zgjedhorë, ndërsa 30% e kompensimit të përcaktuar paguhet nga buxheti i Qytetit të Shkupit.

(3) Komunat në përbërje të Qytetit të Shkupit ku kryetari i komunës është zgjedhur në rrethin e dytë zgjedhor janë të obliguara që kompensimin e përcaktuar për këshillat zgjedhorë për atë komunë ta paguajnë në tërësi për të dy rrethet zgjedhore nga buxhetet e komunave në përbërje të Qytetit të Shkupit.

(4) Për komunat në përbërje të Qytetit të Shkupit ku kryetari i komunës është zgjedhur në rrethin e parë zgjedhor, dhe ndërkohë është kryer pagesa e plotë e kompensimit të përcaktuar për këshillat zgjedhorë nga ana e komunës, Qyteti i Shkupit është i obliguar t'i rimbursojë mjetet në përputhje me këtë Rregullore dhe dispozitat ligjore."

### Член 2

Останатите одредби од Правилникот за критериумите за определување на

### Neni 2

Dispozitat e tjera nga Rregullorja për kriteret për përcaktimin e kompensimit për

надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес бр.08-4741/1 од 14.11.2025 година останувaат непроменети.

anëtarët e organeve zgjedhore, administratën zgjedhore dhe personat e angazhuar me urdhëresë të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve për organizimin dhe zbatimin e procesit zgjedhor nr.08-4741/1 të datës 14.11.2025 mbeten të pandryshuara.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Neni 3**

Kjo Rregullore hyn në fuqi në ditën e miratimit të saj.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE
ПРЕТСЕДАТЕЛ / KRYETARI
**Бојан Маричиќ**

Изработила: Ангела Аврамоска
Проверила: Наташа Гребенарова Теофиловска
Согласна: Катерина Василевска
Одобрила: Ивана Костадиноска